Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut

**СУДСКИ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**KËSHILLI GJYQËSOR I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT**

Ул. "Македонија" бр. 5, 1000 Скопје | тел. 02/3 218 130 факс. 02/3 218 131 | contact@ssrm.mk
Rr. "Makedonija" nr. 5, 1000 Shkup | tel. 02/3 218 130 faksi. 02/3 218 131 | contact@ssrm.mk

Бр. ____________
_______________
СКОПЈЕ

# З А П И С Н И К
## од 477-та седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија

**Скопје, 12-ти февруари 2024 година**

Седницата се одржа на ден: 12.02.2024, понеделник во 10:10 часот во салата за седници.

Присутни членови:

- **Весна Дамева**, претседател;
- **Ханиф Зендели** заменик претседател;
- **Сашко Георгиев**, член;
- **м-р Антоанета Димовска**, член;
- **Лорета Горгиева**, член;
- **м-р Ивица Николовски**, член;
- **Мирсад Суроји**, член;
- **м-р Селим Адеми**, член;
- **Павлина Црвенковска**, член;
- **м-р Тања Чачарова Илиевска**, член;
- **Беса Адеми**, претседател на Врховен суд.

Отсутни членови:

- **м-р Миљазим Мустафа**, член *(отсутен поради службено патување)*;
- **Кренар Лога**, министер за правда (*уредно поканет, но не известил за причините за отсуство)*.

Присутни од стручната служба:

- **Весна Толева**, ВД генерален секретар;
- **Александра Шоптрајанова**, самостоен референт;
- **Ален Раденковиќ**, помлад соработник.

Седницата е отворена за јавноста и се констатира дека има присуство на медиумите и друга поширока јавност.

Согласно чл.8 ст.1 од Законот за Судскиот совет Седницата ја отвори и со неа раководеше претседателот на Советот Весна Дамева.

Откако го констатира присуството на членовите на Советот и нивното отсуство, со излагање на причините за членовите кои не се присутни на седницата го изложи предлог Дневниот ред за 477-та седница, со предлог истиот да се измени на следниот начин: точка 9 да се повлече од дневниот ред.

Претседателот на Советот Весна Дамева отвори расправа по предлог измените на Дневниот ред.

За збор се јави членот на Советот Селим Адеми и предложи точка 3 да се дополни и гласи „Разгледување на жалба и Утврдување на конечна ранг листа за избор на судии на Апелационен суд Штип.

Претседателот на Советот Весна Дамева предлогот на членот на Советот Селим Адеми го стави на гласање.

По гласањето констатира дека едногласно, со 10 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ предлогот е усвоен.

За збор се јави членот на Советот Лорета Горгиева и предложи точка 12 да се повлече од дневниот ред. Исто така, предложи да се прошири точката разно со „Одлучување по известување и барање од член на Судскиот совет бр.02-312/2 од 08.02.2024 година“.

Претседателот на Советот Весна Дамева предлогот членот на Советот Лорета Горгиева „точка 12 да се повлече од дневниот ред“ го стави на гласање.

По гласањето констатира дека со 3 гласа „За“ и 7 гласа „Против“ предлогот не е усвоен.

За збор се јави заменик претседателот на Советот Ханиф Зендели и предложи по точка 7 да се додаде нова точка „Времено упатување на судија во Основен суд Струга“.

Претседателот на Советот Весна Дамева предлогот на заменик претседателот на Советот Ханиф Зендели го стави на гласање.

По гласањето констатира дека едногласно, со 10 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ предлогот е усвоен.

Откако констатира дека повеќе никој не се јави за збор претседателот на Советот Весна Дамева Дневниот ред со предлог измените го стави на гласање.

По гласањето констатира дека едногласно, со 10 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ е усвоен следниот:

ДНЕВЕН РЕД

1. Усвојување на:
- Записник од 463-та седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија од 08.11.2023 година;
- Записник од 473-та седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија од 17.01.2024 година;
- Записник од 475-та итна седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија од 25.01.2024 година;
2. Избор на 1 (еден) судија на Апелационен суд Гостивар;
3. Разгледување на жалба и Утврдување на конечна ранг листа за избор на судии на Апелационен суд Штип;
4. Формирање на Комисија за подготвување на кандидатски листи;
5. Формирање на Комисија за утврдување на број на слободни судиски места за основните судови во РСМ;
6. Усвојување на измена и дополнување на План за јавни набавки на Судскиот совет на Република Северна Македонија за 2024 година;
7. Утврдување на престанок на судиска функција поради исполнување на услови за старосна пензија;
8. Времено упатување на судија во Основен суд Струга;
9. Донесување на одлука за определување на ВД претседател на Основен суд Струга;
10. Донесување на Одлука за престанок на функцијата судија поротник на Апелационен суд Гостивар;
11. Одлучување по барања за патни трошоци;
12. Одлучување по Известување од Комисија на известители по поднесено Барање за утврдување на одговорност на судија/претседател на суд;
13. Формирање на Комисии по поднесени Барања за утврдување на одговорност на судија/претседател на суд и
14. Разно.

**Точка 1**

(Усвојување на: Записник од 463-та седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија од 08.11.2023 година; Записник од 473-та седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија од 17.01.2024 година и Записник од 475-та итна седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија од 25.01.2024 година)

● Претседателот на Советот Весна Дамева, отвори расправа по Записник од 463-та седница на Судскиот совет на РСМ од 08.11.2023 година.

За збор се јави членот на Советот Лорета Горгиева. Истакна забелешка дека погрешно е интерпретирана во нејзините дискусии на стр.11, 17, 19, 33 и 41. Побара да се преслуша тонскиот запис и адекватно да се пренесат нејзините дискусии.

За збор се јави членот на Советот Тања Чачарова Илиевска и истакна дека е направена печатна грешка на стр.51, кај нејзиното произнесување, претпоследниот пасос, каде зборот „ленот“, треба да се замени со зборот „членот“.

За збор се јави претседателот на Советот Весна Дамева и посочи дека треба да се отстрани констатацијата дека членот на Советот Мирсад Суроји бил отсутен на почетокот на седницата, со оглед дека од содржината на записникот е видно дека истиот бил присустен.

Откако констатира дека никој повеќе не се јави за збор претседателот на Советот Весна Дамева записникот го стави на гласање.
По гласањето констатира дека едногласно, со 10 гласа - „За“ и ниту еден глас „Против“ записникот е усвоен со констатираните забелешки.

*Претседателот на Советот Весна Дамева констатира дека членот на Советот Беса Адеми ја напушти седницата по повод усвојувањето на Записник од 473-та седница на Судскиот совет на РСМ од 17.01.2024 година.*

● Претседателот на Советот Весна Дамева отвори расправа по Записник од 473-та седница на Судскиот совет на РСМ од 17.01.2024 година.
Откако констатира дека никој не се јави за збор записникот го стави на гласање.
По гласањето констатира дека едногласно, со 10 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ записникот е усвоен без измени и дополнувања.

*Претседателот на Советот Весна Дамева констатира дека членот на Советот Беса Адеми повторно е присутна на седницата.*

● Претседателот на Советот Весна Дамева, отвори расправа по Записник од 475-та итна седница седница на Судскиот совет на РСМ од 25.01.2024 година.

За збор се јави членот на Советот Лорета Горгиева. Истакна забелешка дека недостасуваат дел од нејзините дискусии и дека во дел од дискусиите погрешно е интерпретирана. Побара да се преслуша тонскиот запис и адекватно да се пренесат нејзините дискусии.

Откако констатира дека никој повеќе не се јави за збор претседателот на Советот Весна Дамева записникот го стави на гласање.
По гласањето констатира дека едногласно, со 10 гласа - „За“ и ниту еден глас „Против“ записникот е усвоен со констатираните забелешки.

Претседателот на Советот Весна Дамева констатира дека е исцрпена 1-та точка од Дневниот ред и дека ќе се премине на постапување и одлучување по 2-та точка од Дневниот ред.

**Точка 2**
(Избор на 1 (еден) судија на Апелационен суд Гостивар)

● По повод 2-та точка од дневниот ред претседателот на Советот Весна Дамева информираше дека врз основа на законски предвидените надлежности на Советот, согласно одредбите од Законот за судови и согласно одредбите од подзаконските акти во

врска со начинот на спроведување на постапката за избор на судија на Апелационен суд Гостивар за кривична област Судскиот совет формира Комисија за рангирање на кандидати за избор на судии во повисок суд.

Во таа насока му даде збор на членот на Советот Лорета Горгиева во својство на известител.

За збор се јави членот на Советот **Лорета Горгиева** и наведе дека во врска со огласот објавен во Службен весник на РСМ бр.86/23 од 24.04.2023 година е формирана Комисија за рангирање на кандидатите за судии во повисок суд во состав: Лорета Георгиева - претседател на Комисијата, Селим Адеми и Мирсад Суроји - членови на Комисијата. Комисијата за рангирање на кандидати по одржаниот состанок констатира дека сите тројца кандидати, како кандидати за избор во Апелационен суд Гостивар ги исполнуваат сите претходни услови за да може постапката по истите да продолжи. По спроведената постапка согласно Правилникот за начинот на рангирањето се изготви Конечна ранг листа. Согласно Конечната ранг листа на кандидатите за избор на судии на Апелационен суд Гостивар со 66,9 бодови е рангирана Емине Мурати, судија на Основен суд Гостивар, со 53,2 бодови е рангиран судија Јетмир Хамзаи, судија на Основен суд Гостивар и третиот кандидат Ваиде Арслани, судија на Основен суд Гостивар е рангиран со 52,15 бодови. Посочи дека кандидатите во делот на изготвување на Конечната ранг листа биле задоволни со начинот на рангирање и од страна на ниту еден од кандидатите немало доставено жалба на начинот на рангирање и добиените бодови согласно Правилникот.

Претседателот на Советот Весна Дамева отвори расправа и откако констатира дека никој не се јави за збор предлогот за избор на Емине Мурати за судија на Апелационен суд Гостивар, како прворангиран кандидат го стави на гласање.

По гласањето констатира дека едногласно, со 10 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ е спроведено гласањето.

Во продолжение претседателот на Советот Весна Дамева извести дека согласно чл.50 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија „Кога Советот избира судија и претседател на основен суд и апелационен суд кој се наоѓа на подрачје на единица на локална самоуправа каде што 20% од граѓаните зборуваат службен јазик различен од македонскиот, одлучува согласно со чл.49 од овој закон, при што мора да има мнозинство гласови од присутните членови кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Северна Македонија“.

Во таа насока, претседателот на Советот Весна Дамева побара да гласаат членовите на Советот кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Северна Македонија.

По гласањето констатира дека едногласно, со 4 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ гласале членовите на Советот кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Северна Македонија.

Претседателот на Советот Весна Дамева констатира дека е донесена следната:

ОДЛУКА
ЗА ИЗБОР НА СУДИЈА НА АПЕЛАЦИОНЕН СУД ГОСТИВАР
за кривична област

За судија на Апелационен суд Гостивар за кривична област е избрана:
Емине Мурати - судија на Основен суд Гостивар

Оваа одлука ќе стапи во сила по правосилно завршување на постапката и ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија"

По донесената одлука согласно чл.49 ст.3 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија секој од присутните членови на Советот со право на глас усно на седница на Советот ја образложи својата одлука за избор на судија.

За збор се јави членот на Советот **Сашко Георгиев** наведе дека гласал за изборот на колешката Емине Мурати од Основен суд Гостивар во Апелационен суд Гостивар од причина што видно од Ранг листата станува збор за судија којшто работи кривична материја, а станува збор за оглас за којшто е предвидено судија за кривична материја. Исто така, од увидот во Ранг листата станува збор за видлива разлика во бодовите и од сите тие причини колешката Емине Мурати ќе ја оправда довербата која што и е дадена во случајот. И честита и очекува дека успешно ќе ја извршува својата работа во Апелационен суд Гостивар.

За збор се јави членот на Советот **Антоанета Димовска** и наведе бидејќи не ги познава кандидатите и со ништо посебно не може да ги одвои ќе гласа по Ранг листата. И честита и посака успешна работа на судијата.

За збор се јави членот на Советот **Лорета Горгиева** и го честита на изборот на колешката. Бидејќи како член на Комисијата имала можност да присуствува на нејзините расправи ќе каже дека оддава позитивен впечаток, искусна, едноставно впечаток дека може да продолжи понатаму во својата кариера и да даде допринос во судството како судија на повисок суд.

За збор се јави членот на Советот **Ивица Николовски** и наведе дека гласал за колешката да биде избрана во Апелационен суд Гостивар од следните причини. Прво, не располага со аргумент или информација која укажува дека судијата не заслужува да биде наградена и унапредена во судија на повисок суд. Второ, како Судски совет секојдневно ја следат работата и во изминатиот период не наишол на било каква забелешка од страна на граѓаните по однос на работата на судијата. Од друга страна, со самата нејзина апликација судијата била подложена на едно тестирање согласно увид во нејзината работа и по квантитет и во квалитет судијата има освоено високи бодови што значи заслужува нејзиниот труд да биде ценет и вреднуван. И трето, потекнува од тоа апелационо подрачје, лично ја познава и истакна дека се работи за колешка со искуство, со интегритет, со кредибилитет и очекува дека со изборот ќе даде значаен придонес во Апелационен суд Гостивар. И честита на колешката.

За збор се јави членот на Советот **Мирсад Сурoји** и наведе дека исто така се одлучил да гласа за прворангираниот кандидат. Укажа дека како член на Комисијата бил на расправа кај наведените судии во Основен суд Гостивар и станува збор за одлични судии. Но, не само заради фактот што судијата е прворангирана, исто така нема приговор од останатите кандидати и судијата Емине Мурати ја познава со години, биле заедно на повеќе семинари, конференции, па сигурен е дека е спремна, подготвена, стручна и дека ќе даде придонес во Апелационен суд Гостивар. И честита за изборот.

За збор се јави членот на Советот **Селим Адеми** и наведе дека тројцата кандидати се добри судии и при проверката во судот на двата предмети по случаен избор сите покажале професионалност. Предноста е во разликата во бодовите и фактот што огласот е за кривична област, а од тројцата кандидати само судијата Емине Мурати е кривичен судија, а другите двајца судии поголем дел од работното искуство се граѓански судии. Првиот рангиран судија е кривичен судија кој работи повеќе од 11 години како кривичен судија во Основен суд Гостивар. Исто така, ментор е на идните судии, младите академци, нема претставки за нејзината работа и нема причини зашто да не гласаат „за“. На кандидатот му посака успех.

За збор се јави членот на Советот **Павлина Црвенковска** и наведе дека не познава ниту еден од тројцата кандидати што се за избор во Апелационен суд Гостивар. Единствено од што ќе се води е Ранг листата која ја дала Комисијата и од Листата за критериуми по којшто се бодувани. Првиот кандидат има 66,9 поени и отскокнува многу повеќе од останатите колеги. Воедно, ќе има влијание и самиот оглас кој е распишан и тој принцип треба да се задржи, доколку е распишан оглас за кривичен судија да се даде предимство на судија којшто има искуство во кривична област. Му честита на кандидатот за изборот.

За збор се јави членот на Советот **Тања Чачарова Илиевска** и наведе дека ниту еден од кандидатите лично не и се познати и останува да верува на резултатите коишто биле ценети од страна на Комисијата при изготвување на Ранг листата. Бидејќи првиот кандидат отскокнува со повеќе бодови од останатите двајца кандидати, а нема приговор на рангирањето, исто така ќе се определи во гласањето за првиот рангиран кандидат. И честита на колешката, денес избрана за судија на Апелационен суд Гостивар.

За збор се јави заменик претседателот на Советот **Ханиф Зендели** и посака успешна работа на судијата и да се справи со проблематиката која ќе и се даде. Упати честитки до колешката.

За збор се јави претседателот на Советот **Весна Дамева** и наведе дека својот глас го дала не само затоа што судијата е прва и за секој судија без оглед кој е на ранг листа нема да го даде гласот редоследно ако е нарушен неговиот интегритет, без оглед на неговата стручност и професионалност. Но, во случајот не е така. Укажа дека не ги познава кандидатите, но имала прилика при едно претходно оценување да биде дел од Комисијата која била присутна на расправа кај судијата Емине Мурати и навистина впечатокот бил голем и од особено значење затоа што се изразувала стручно и расправата ја водела онака како што доликува на еден судија. Од друга страна,

анализирајќи ја разликата во бодовите со другите кандидати констатира дека судијата отскокнува со бодовите, бидејќи познава јазик и затоа му се доделени 15 бода, за разлика од другите кандидати каде познавањето на јазикот е на пониско ниво. Посочи дека пресудно за нејзиниот став и одлука било дека судијата за работа во специјализиран судски оддел освоил максимум бодови, односно целиот судиски стаж го поминал во кривична област, за разлика од другите дваца кандидати. Напомена дека тоа е клучот, се работи кривичар, а на Апелационен суд Гостивар му е потребнен кривичар со долгогодишно искуство.

За збор се јави членот на Советот **Беса Адеми** и честита на судијата Емине Мурати и поска успех во работата.

Претседателот на Советот Весна Дамева констатира дека е исцрпена 2-та точка од Дневниот ред и дека ќе се премине на постапување и одлучување по 3-та точка од Дневниот ред.

## Точка 3

(Разгледување на жалба и Утврдување на конечна ранг листа за избор на судии на Апелационен суд Штип)

● По повод 3-та точка од дневниот ред претседателот на Советот Весна Дамева информираше дека по објавен оглас за избор на судии на Апелационен суд Штип со одлука на Советот формирана е Комисија за рангирање на кандидати за избор на судии во повисок суд, изготвени се Ранг листи, но по истите се изјавени жалби по кои Советот одлучувал на продолжението на 476-та седница одржана на 01.02.2024 година. Со оглед дека на седницата произлегло дека дополнително треба да се продолжи постапката за судијата Сузана Милевска, по доставено известување до судијата поднесена е жалба од нејзина страна на 07.02.2024 година, по закажувањето на денешната седницата, па од таа причина е проширена точката на дневниот ред.

Во продолжение претседателот на Советот Весна Дамева му даде збор на членот на Советот Селим Адеми во својство на известител.

За збор се јави членот на Советот **Селим Адеми** и наведе дека Судскиот совет на претходната седница ги разгледал приговорите поднесени од страна на кандидатите. При утврдувањето на Конечната ранг листа констатирано е дека е направен пропуст во делот на бодовите на кандидатот Сузана Милевска, од причини што во делот за проценување на англискиот јазик - степен 3 биле доделени 5 бода, а по проверката произлегло дека треба да биде 1 бод и таа корекција била направена и по тоа кандидатот има право на жалба. Кандидатот тоа право го искористил и сега е потребно да се разгледа жалбата, па потоа да се утврди Конечната ранг листа.

Укажа дека прво на што приговара кандидатот е зашто се променети бодовите. Кандидатот приговара дека за дополнителна работа не му се доделени бодови, но тоа не е точно, бидејќи кандидатот има максимални 5 бода. Посочи дека кандидатот приговара и во делот на менторска едукација, но тоа што е збунувачки за кандидатите е тоа што максималниот број на бодови е 5, па и тука кандидатот не е оштетен. Нагласи дека нема

бодови за магистарски труд, бидејќи во правилникот тоа не е предвидено, се предвидува само за докторат. Во делот на стручна специјализација во оддел кандидатот посочува дека има 4,5 бодови, а треба да има повеќе. Во правилникот е утврдено дека до 12 месеци се доделува пола бод, а не еден бод. Кандидатот пријавил дека има 9 години во специјализиран оддел, па оттаму доделени се 4,5 бодови.

Предложи жалбата да се одбие како неоснована.

*Претседателот на Советот Весна Дамева констатира дека членот на Советот Мирсад Суроји ја напушти седницата од оправдани причини.*

Претседателот на Советот Весна Дамева отвори расправа и откако констатира дека никој не се јави за збор предлогот на известителот жалбата изјавена од страна на кандидатот Сузана Милевска, судија на Основен суд Кочани да се одбие како неоснована го стави на гласање.

По гласањето констатира дека едногласно, со 9 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ предлогот е усвоен и донесено е следното:

РЕШЕНИЕ

Жалбата на Сузана Милевска, судија на Основен суд Кочани изјавена против измена на ранг-листата на кандидати за избор на 2 (двајца) судии на Апелациониот суд Штип за граѓанска и за кривична област бр.09-982/35-1 од 07.12.2023 година и бр.09-982/35-3 од 07.12.2023 година, по известување бр.09-19/5 од 02.01.2024 година, се одбива како неоснована.

Во продолжение известителот истакна дека по разгледувањето и одлучувањето по поднесените приговори изготвени се следните предлог ранг листи, и тоа:

Предлог ранг листа на кандидати за избор на еден судија на Апелационен суд Штип за граѓанска област:

1. Тодор Поп Панев - 68,87 бодови;
2. Сузана Милевска - 62,4 бодови и
3. Александар Цацков - 53,37 бодови.

Предлог ранг за избор на еден судија на Апелационен суд Штип за кривична област:

1. Цона Калмерникова - 64,7 бодови;
2. Ѓорѓи Андонов - 63,7 бодови;
3. Сузана Милевска - 62,9 бодови;
4. Јулијана Недкова - 59,8 бодови и
5. Невена Перица - 56,3.

Претседателот на Советот Весна Дамева отвори расправа и откако констатира дека никој не се јави за збор предлогот на известителот да се усвојат предлог ранг листите на кандидати со истакнатите измени го стави на гласање.

По гласањето констатира дека едногласно, со 9 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ предлогот е усвоен.

Претседателот на Советот Весна Дамева констатира дека е исцрпена 3-та точка од Дневниот ред и дека ќе се премине на постапување и одлучување по 4-та точка од Дневниот ред.

**Точка 4**

(Формирање на Комисија за подготвување на кандидатски листи)

● По повод 4-та точка од дневниот ред претседателот на Советот Весна Дамева информираше дека согласно чл.9 ст.1 ал.1 в.в. со ст.2 и чл.16 ст.1 ал.2 и 5 од Законот за Судскиот совет Советот објави Оглас за избор на 1 (еден) член од редот на судиите од Врховниот суд и за избор на 1 (еден) член од редот на судиите од апелационо подрачје Битола.

Во таа насока, по спроведеното ждребување согласно чл.13 ст.1 се констатира дека е донесена следната:

ОДЛУКА

Се формира КОМИСИЈА за подготовка на кандидатски листи, во состав од:

- Сашко Георгиев - претседател на Комисијата;
- м-р Ивица Николовски - член на Комисијата и
- м-р Селим Адеми - член на Комисијата.

Претседателот на Советот Весна Дамева констатира дека е исцрпена 4-та точка од Дневниот ред и дека ќе се премине на постапување и одлучување по 5-та точка од Дневниот ред.

**Точка 5**

(Формирање на Комисија за утврдување на број на слободни судиски места за основните судови во РСМ)

● По повод 5-та точка од дневниот ред претседателот на Советот Весна Дамева информираше дека согласно чл.45 од Законот за Судскиот совет в.в. со чл.21 од Деловникот за работа на Судскиот совет потребно е да се формира Комисија за утврдување на слободни судиски места во основните судови во РСМ, која ќе изготви Извештај врз основа на анализа, земајќи го предвид вкупниот број на слободни судиски места за судии во основните судови, како и проекцијата за потребите од местата кои ќе се пополнуваат по завршување на почетната обука во Академијата за судии и јавни обвинители и да го достави Извештајот со предлог одлука до Претседателот на Советот најдоцна до 10.03.2024 година.

Во таа насока, по спроведеното ждребување се констатира дека е донесена следната:

ОДЛУКА

Се формира Комисија за утврдување на слободни судиски места во основните судови во Република Северна Македонија, во состав од:

- м -р Антоанета Димовска - претседател на Комисијата
- Лорета Горгиева - член на Комисијата
- м-р Миљазим Мустафа - член на Комисијата

Претседателот на Советот Весна Дамева констатира дека е исцрпена 5-та точка од Дневниот ред и дека ќе се премине на постапување и одлучување по 6-та точка од Дневниот ред.

**Точка 6**

(Усвојување на измена и дополнување на План за јавни набавки на Судскиот совет на Република Северна Македонија за 2024 година)

● По повод 6-та точка од дневниот ред претседателот на Советот Весна Дамева информираше дека дополнувањето на Годишниот план за јавни набавки се врши заради донесените решенија на СБС за капитални расходи, конкретно за Судскиот совет за 2024 година и тоа по одржаната седница на СБС на 05.02.2024 година. Се работи за вкупно 6 набавки што се неопходни за правилно функционирање на Советот, а тоа се канцелариска опрема, сервер за АБМС системот, опрема за снимање и гласање во салата за седници, информатичка опрема, изработка на софтвер за методологија за утврдување на сложеност на судските предмети, замена на подна покривка во канцеларии во новиот дел.

Укажа дека определената сума можеби е мала, меѓутоа познато е дека буџетот за тековната година е сериозно намален. Измените на планот се во насока на нормално функционирање на Советот. По однос на информатичката опрема тука спаѓаат компјутери и печатачи кои се неопходни за работа на сите во Судскиот совет затоа што секојдневно се соочуваат со откажување на опремата. Серверот за АБМС системот е застарен и навистина треба обезбедување на истиот, а истото важи и за опрема за снимање и гласање во салата за седнции. По однос на подната покривка на канцелариите во новиот дел посака посебно да го образложи да не прозлезе дека истото е луксуз, бидејќи неопходна е промената на теписите поради тоа што тоа влијае на условите за работа, односно негативно влијае на здравјето на вработените.

За збор се јави членот на Советот **Селим Адеми** и наведе дека за поздравување е измената на планот. Во делот за опрема за снимање и гласање во салата за седници побара да се доуреди со обезбедување систем за симултан превод. Посочи дека се смениле пет претседатели, но досега ништо од негова реализација. Укажа дека да се прават напори во СБС доколку има средства, затоа што тоа е обврска која произлегува од Законот за употреба на јазиците.

За збор се јави претседателот на Советот **Весна Дамева** и реплицираше дека средствата ќе бидат малку. Со МИА имаат проблем во смисла дека нема доволно обезбедени средства за снимање, но и покрај добрата волја од страна на МИА, сепак се плаши дека може да дојде до прекин на снимањето на седници, затоа што не е водено сметка во буџетот за заложбата за транспрарентност на Судскиот совет. Укажа дека го имала во предвид системот за симултан превод и кога ќе се прави набавката ќе се разговара со експерти дали тоа може да се инкорпорира во системот кој треба да се набави. Доколку се потребни многу повеќе парични средства ќе има ребаланс на буџетот, па ќе се проширува. Посочи дека може да се откажат од опремата за снимање доколку има договор со МИА и продолжи да снима и тогаш ќе остане системот за гласање со опремата за симултан превод.

*Претседателот на Советот Весна Дамева констатира дека на седницата е присутен членот на Советот Мирсад Суроји.*

Претседателот на Советот Весна Дамева откако констатира дека повеќе никој не се јави за збор предлогот за измена и дополнување на Годишниот план за јавни набавки на Судскиот совет на Република Северна Македонија за 2024 година го стави на гласање.

По гласањето констатира дека едногласно, со 10 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ предлогот е усвоен и донесена е следната:

ОДЛУКА

Се усвојува на измената и дополнувањето на Планот за јавни набавки на Судскиот совет на Република Северна Македонија за 2024 година.

Претседателот на Советот Весна Дамева констатира дека е исцрпена 6-та точка од Дневниот ред и дека ќе се премине на постапување и одлучување по 7-та точка од Дневниот ред.

**Точка 7**

(Утврдување на престанок на судиска функција поради исполнување на услови за старосна пензија)

● По повод 7-та точка од дневниот ред претседателот на Советот Весна Дамева информираше дека по службена должност, согласно евиденцијата со која располага Судскиот совет утврди дека Ифет Бајрамоски, судија на Основен суд Струга исполнува услови за остварување на правото на старосна пензија, бидејќи на 01.02.2024 година наполнил 64 години.

Согласно чл.73 ст.1 ал.3 од Законот за судовите и чл.54 ст.1 т.3 од Законот за Судскиот совет, предвидено е дека судиската функција престанува ако судијата ги исполнил условите за старосна пензија.

Претседателот на Советот Весна Дамева отвори расправа и откако никој не се јави за збор констатира дека е донесено следното:

Р Е Ш Е Н И Е

Се утврдува престанок на судиската функција на Ифет Бајрамоски, судија на Основен суд Струга на 12.02.2024 година, поради исполнување на услови за старосна пензија.

Претседателот на Советот Весна Дамева констатира дека е исцрпена 7-та точка од Дневниот ред и дека ќе се премине на постапување и одлучување по 8-та точка од Дневниот ред.

**Точка 8**

(Времено упатување на судија во Основен суд Струга)

● По повод 8-та точка од дневниот ред претседателот на Советот Весна Дамева информираше дека со решение на Судскиот совет на РСМ бр.02-249/23 од 27.01.2023 година, судијата на Основниот суд Охрид, Вулнет Винца бил времено упатен за вршење на судиската функција во Основниот суд Струга, сметано од 01.02.2023 година, за период од една година од денот на упатувањето .

По спроведени анализи и координација помеѓу координаторите на Основен суд Охрид и Основен суд Струга се констатира дека во конкретниот случај се исполнети условите од чл.39 ст.9 од Законот за судовите, судијата од Основниот суд Охрид, Вулнет Винца да биде времено упатен да ја извршува судиската функција во Основниот суд Струга. Ова од причина што во Основниот суд Струга е намален бројот на судии поради исполнување на услови за старосна пензија, зголемен е обемот на работа, има голем број на нерешени предмети , така што се доведува во прашање не само ажурноста на судот, туку и тековното работење на судот .

Претседателот на Советот Весна Дамева отвори расправа и откако констатира дека никој не се јави за збор предлогот го стави на гласање.

По гласањето констатира дека едногласно, со 10 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ предлогот е усвоен и донесено е следното:

РЕШЕНИЕ

Вулнет Винца, судија на Основниот суд Охрид, времено се упатува за вршење на судиската функција во Основниот суд Струга, сметано од 12.02.2024 година, за период од 1 (една) година од денот на упатувањето.

За временото упатување да се извести претседателот на Основниот суд Охрид и претседателот на Основниот суд Струга.

Претседателот на Советот Весна Дамева констатира дека е исцрпена 8-та точка од Дневниот ред и дека ќе се премине на постапување и одлучување по 9-та точка од Дневниот ред.

**Точка 9**

(Донесување на одлука за определување на ВД претседател на Основен суд Струга)

● По повод 9-та точка од дневниот ред претседателот на Советот Весна Дамева информираше дека согласно чл.89 од Законот за судовите е предвидено дека во случај на разрешување или престанок на мандатот претседател на судот, до изборот на нов претседател на судот, Судскиот совет од редот на судиите во судот определува вршител на должноста претседател на судот.

Укажа со оглед дека на денешната седница Советот донесе решение со кое се утврдува престанок на судиската функција на ВД претседателот на Основен суд Струга Ифет Бајрамоски, поради исполнување на услови за старосна пензија, предложи за ВД претседател на Основен суд Струга да се определи Вулнет Винца, судија на Основен суд Охрид, времено упатен во Основен суд Струга.

Претседателот на Советот Весна Дамева отвори расправа и откако констатира дека никој не се јави за збор предлогот го стави на гласање.

По гласањето констатира дека едногласно, со 10 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ предлогот е усвоен и донесено е следното:

РЕШЕНИЕ

За вршител на должноста претседател на Основен суд Струга се определува Вулнет Винца, судија на Основен суд Охрид и се овластува да биде потписник на сите акти и сметки на судот.

Решението влегува во сила од 13.02.2024 година.

Претседателот на Советот Весна Дамева констатира дека е исцрпена 9-та точка од Дневниот ред и дека ќе се премине на постапување и одлучување по 10-та точка од Дневниот ред.

**Точка 10**

(Донесување на Одлука за престанок на функцијата судија поротник на Апелационен суд Гостивар)

● По повод 10-та точка од дневниот ред претседателот на Советот Весна Дамева му даде збор на членот на Советот Мирсад Суроји во својство на координатор.

За збор се јави членот на Советот Мирсад Суроји и наведе дека претседателот на Апелационен суд Гостивар со допис Су.бр. 74-3/23 од 22.12.2023 година, заведен во Судскиот совет под број 02-2547/1 од 25.12.2023 година, достави предлог за разрешување на судии поротници до Советот, бидејќи на 12 судии поротници избрани со Одлука на Советот бр.02-321/4 од 08.02.2020 година, на ден 17.02.2023 година им истекува мандатот.

Координаторот за Апелациониот суд Гостивар, по разгледување на предлог на претседателот на Апелациониот суд Гостивар и извршениот увид во регистерот на судии поротници, констатира дека на 12 судии поротници избрани со одлука на Советот бр.02-

321/4 од 18.02.2020 година , на ден 17.02.2023 година им истекува мандатот, и тоа: На Драган Матески, Билјана Филипоска, Фундеса Ајдуни Мисими, Зуријета Мемеди, Јадранка Симјановска, Адриан Исмаили, Симона Трифуноска, Шкљим Џемаили, Лејла Фидани, Весна Јаневска, Дорис Матеска и Мерита Ќерими.

Претседателот на Советот Весна Дамева отвори расправа и откако никој не се јави за збор констатира дека е донесена следната:

ОДЛУКА

На Драган Матески, Билјана Филипоска, Фундеса Ајдуни Мисими, Зуријета Мемеди, Јадранка Симјановска, Адриан Исмаили, Симона Трифуноска, Шкљим Џемаили, Лејла Фидани, Весна Јаневска, Дорис Матеска и Мерита Ќерими, судии поротници на Апелационен суд Гостивар избрани со одлука на Судскиот совет на РСМ бр.02-321/4 од 18.02.2020 година им престанува функцијата судија поротник, поради истек на мандатот на 17.02.2024 година.

Претседателот на Советот Весна Дамева констатира дека е исцрпена 10-та точка од Дневниот ред и дека ќе се премине на постапување и одлучување по 11-та точка од Дневниот ред.

**Точка 11**

(Одлучување по барања за патни трошоци)

● По повод 11-та точка од дневниот ред претседателот на Советот Весна Дамева информираше дека Габриела Гајдова, судија на Апелационен суд Скопје на ден 30.01.2024 година до Судскиот совет на Република Северна Македонија достави барање за надомест на трошоци за превоз, заведено во Советот под бр.05-287/1 од 30.01.2024 година. Во барањето судија наведува дека со одлука на Судскиот совет на РСМ, бр.09-2292/1 од 17.11.2023 година истата е избрана за судија на Апелационен суд Скопје. Со оглед на околноста што живее во една општина, а судиската функција ќе ја извршува во друга општина каде е избрана, во која општина ниту таа, ниту членови на нејзиното семејство не поседуваат стан или куќа, судијата бара да и се утврди правото на надомест на трошоци за превоз со превозно средство од јавен сообраќај на релација Велес-Скопје и обратно.

По разгледување на доставената документација е утврдено дека судијата е со живеалиште во Велес и дека во град Скопје каде избрана за судија на Апелационен суд Скопје, ниту таа, ниту членови на нејзиното семејство немаат недвижен имот - сопствен стан или куќа.

Врз основа на наведените причини, а согласно чл.12 ст.1 ал.2 од Законот за платите на судиите, предложи да се уважи барањето на судијата.

Претседателот на Советот Весна Дамева отвори расправа и откако констатира дека никој не се јави за збор предлогот го стави на гласање.

По гласањето констатира дека едногласно, со 10 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ предлогот е усвоен и донесено е следното:

РЕШЕНИЕ

Барањето на Габриела Гајдова, судија на Апелационен суд Скопје за надомест на трошоци се уважува.

На Габриела Гајдова, судија на Апелационен суд Скопје и се се утврдува

- право на надомест на трошоци за превоз како судија кој што живее во една, а работи во друга општина, за периодот од 30.01.2024 година, па во иднина се додека судијата ја извршува судиската функција во Апелационен суд Скопје, во висина на вистинските трошоци за превоз со превозно средство од јавен сообраќај, кое овозможува навремено пристигнување и заминување од работа, на релација Велес Скопје и обратно.

● По повод следната потточка од дневниот ред претседателот на Советот Весна Дамева информираше дека Александар Шопов, судија на Апелационен суд Скопје има поднесено барање за надоместок на реални патни трошоци, заведено во Советот под бр.05-278/1 од 30.01.2024 година, но судијата истовремено го известува Советот дека поседува стан во Скопје во кој не живее, а истиот бил купен со подигнат кредит од банка кој финансиски го сервисира преку континуирано издавање на станот под закуп.

Во таа насока, по развиената конструктивна дискусија се заклучи дека предметното прашање ќе биде разгледано на некоја од наредните седници, откако ќе се прибават докази за праксата на постапување на Судскиот совет во слични ситуации.

Претседателот на Советот Весна Дамева констатира дека е исцрпена 11-та точка од Дневниот ред и дека ќе се премине на постапување и одлучување по 12-та точка од Дневниот ред.

**Точка 12**

(Одлучување по Известување од Комисија на известители по поднесено Барање за утврдување на одговорност на судија/претседател на суд)

Врз основа на чл.39 ст.2 од Законот за Судски совет претседателот на Советот Весна Дамева предложи за 12-та и 13-та точка од дневниот ред јавноста да се исклучи од седницата.

Претседателот на Советот Весна Дамева отвори расправа и откако констатира дека никој не се јави за збор предлогот го стави на гласање.

По гласањето констатира дека едногласно, со 10 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ е донесена следната:

О Д Л У К А

Судскиот совет заради заштита на угледот и интегритетот на судијата или кандидатот за судија со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број членови на Советот со право на глас ја исклучи јавноста од седницата за 12-та и 13-та точка на дневниот ред.

*Се констатира дека членот на Советот Беса Адеми, претставниците на медиумите и друга поширока јавност ја напуштија седницата.*

*Во продолжение, претседателот на Советот Весна Дамева даде пауза во траење од 30 минути.*

[redacted]

[redacted]

[redacted]

[redacted]

[redacted]

[redacted]

[redacted]

Претседателот на Советот Весна Дамева констатира дека е исцрпена 12-та точка од Дневниот ред и дека ќе се премине на постапување и одлучување по 13-та точка од Дневниот ред.

**Точка 13**

(Формирање на Комисии по поднесени Барања за утврдување на одговорност на судија/претседател на суд)

*Се констатира дека претседателот на Советот Весна Дамева ја напушти седницата поради службени обврски поврзани со закажаната итна седница на СБС и со седницата продолжува да раководи заменик претседателот на Советот Ханиф Зендели.*

*Заменик претседателот на Советот Ханиф Зендели констатира дека членот на Советот Сашко Георгиев и членот на Советот Мирсад Суроји ја напуштија седницата од оправдани причини.*

*Заменик претседателот на Советот Ханиф Зендели констатира дека членот на Советот Антоанета Димовска повторно е присутна на седницата.*

[redacted]

[redacted]

[redacted]

Заменик претседателот на Советот Ханиф Зендели констатира дека е исцрпена 13-та точка од Дневниот ред и дека ќе се премине на постапување и одлучување по 14-та точка од Дневниот ред.

**Точка 14**

(Разно)

*Заменик претседателот на Советот Ханиф Зендели констатираше дека повторно има присуство на медиумите и пошироката јавност.*

● По повод 14-та точка од дневниот ред заменик претседателот на Советот Ханиф Зендели информираше дека од страна на поранешниот член на Советот Мери Радевска поднесено е барање за исплаќање на отпремнина, заведено под бр.05-301/1 од 01.02.2024 година.

Со оглед дека за барањето не е надлежен Судскиот совет, констатира дека истото се отстапува на надлежно постапување и одлучување на СБС.

● По повод следната потточка од дневниот ред - известување со барање за измена и дополнување на Одлуките на Судскиот совет, заведено под бр.02-312/2 од 08.02.2024 заменик претседателот на Советот Ханиф Зендели му даде збор на членот на Советот Лорета Горгиева во својство на известител.

За збор се јави членот на Советот **Лорета Горгиева** и наведе дека станува збор за одлуките кои Судскиот совет ги донел на седница во врска со расправата по барањето за повторување на постапката на пензионерот Славчо Тасев. Има и посебно барање дописот заедно со одлуките да се достави до Врховниот суд како дел од предметот кој веќе е доставен, како и тонскиот запис од предметната седница од 31.01.2024 година, со оглед на фактот дека записникот сеуште не е изготвен и усвоен. Смета дека барањето е основано, стручно напишано и треба да биде процесуирано.

Во продолжение, заменик претседателот на Советот Ханиф Зендели отвори расправа.

За збор се јави членот на Советот **Антоанета Димовска** и наведе дека дописот се состои од два дела. Прво е одлуката по однос на изземањето. Колешка побарала да биде изземена и точно е дека е на некој начин засегната, бидејќи поднесено е барање за повторување на постапката по однос на огласот за избор на член на Судскиот совет од 2018 година кога таа е избрана за член на Судскиот совет. Тоа не ја прави одлуката незаконска, бидејќи усвоено е барањето на колешката, но не гледа причина зошто да не се достави нејзиниот допис како појаснување на жалбениот совет.

По однос на барањето со кое не е дозволено статус на заинтересирано лице, тука елаборирала колешката, сите ги слушнале причините и гласале. Во одлуката точно е дека не стојат нејзините наводи дека тоа е поради тоа што исто се работи за огласот од 2018 година и треба известувањето да се достави до жалбениот совет. По однос на записникот, записникот за нивното советување може да го достават само ако има сомнеж по однос на тоа како е гласано. Се работи за известување и достава на предмет до Врховниот суд и навистина е ставено на гласање, но тука само е констатирано дека предметот треба да се достави до Врховниот суд.

За збор се јави членот на Советот **Тања Чачарова Илиевска** и наведе дека може секој да бара што сака, но дали ќе се направи дополнување на веќе донесена одлука на Судскиот совет зависи од одлуката на Судскиот совет, а не од барателот што сака. Одлуките не може да се дополнуваат сега, а по однос на тоа дали известувањето да се достави до Врховниот суд нема никаква дилема дека може да биде доставено. По однос на тоа дали тонскиот запис да биде доставен до Врховниот суд, тоа е дискутабилно. Го бара тоа колешката, меѓутоа секој нека се произнесе дали тоа може да се направи или не.

За збор се јави членот на Советот **Лорета Горгиева** и наведе дека со оглед на фактот да предметот е доставен за одлучување не знае како би одлучувал жалбениот совет по нешто кога нема записник, а тонскиот запис е составен дел од записникот. Не се работи за тајна постапка за советување и гласање, па дури и кога за тоа се одлучува се доставува во затворено плико. Постапката била јавна во која колегата пензионер бил лично присутен. Во одлуката за изземање стои дека се иззема поради комуникација со колегата, а јасно било наведено од кои причини бара да биде изземена, како што и претходно во ниедна фаза на постапување не учествувала, не по барање на колегата, туку по нејзино лично барање. Затоа што е доблесно и професионално да не учествува во постапка на колега кој спори избор по оглас, на кој оглас самата е избрана. Инаку, со 90% од колегите се познаваат и комуницираат и тоа не е основа за изземање, меѓутоа основа е изборот на оглас за кој колегата употребува res judicata одлука на ЕСЧП.

За збор се јави членот на Советот **Селим Адеми** и наведе дека не знае зошто се впуштиле во расправа, затоа што претходно со часови расправале и донесена била одлука. Можела и колешката сама да го достави допсиот до Врховниот суд. Имало и пракса каде жалбениот совет во постапувањето кога немал комплетни документи барал истите да му бидат доставени. Содржински едно е кога станува збор за известување, а друго е кога станува за збор за барање. Кога се бара измена и дополнување на одлука на Судскиот совет тоа може да биде предмет на посебна точка на дневниот ред и по истото не може да се одлучува во точката разно.

За збор се јави членот на Советот **Ивица Николовски** и наведе дека за прашањата кои денеска повторно се наметнуваат изгубиле време и донеле одлуки. Колешката и понатаму упорно инсистира да се удовили тоа што го бара, но за тоа Советот има одлуки, одлуките се доставени и во зависност дали е задоволна или не има понатамошни права врз основа на тие доставени одлуки.

Го праша генерлниот секретар дали може како член на Судскиот совет да се потпише на одреден акт и стави печат на истиот? Дали правниот промет е како некој што сака или има утврдено правила за истото? Колку што е познато Судскиот совет го преставува и застапува претседател. Неодговорно и несериозно е да се истапува внатре и надвор со такви поднесоци.

Премногу и безпредметно е да се расправа на темата. Расправано е и донесени се одлуки.

За збор се јави членот на Советот **Лорета Горгиева** и наведе дека ниту сама заверила нешто, ниту сама ставила печат. Предадено е најуредно преку генералниот

секретар, известен е и заменикот претседател, во отсуство на претседателот. Може и самата да го достави дописот, но доблесно е Судскиот совет да го достави заедно со одлуките во прилог на предметот кој веќе е доставен. Не навлегува во делот како се пишувани одлуките, бидејќи можеле да ја консултираат како судија, ако не како заинтересирано лице.

За збор се јави членот на Советот **Антоанета Димовска** и наведе дека би требало да се гласа прво, по однос на тоа дали треба да се дополнува одлуката и второ, дали ќе се проследи до Врховниот суд за да се разреши дилемата.

Заменик претседателот на Советот Ханиф Зендели откако констатира дека повеќе никој не се јави за збор предлогот да се усвои барањето за измена и дополнување на Одлуките на Судскиот совет на Република Северна Македонија бр.02-312/1 и 02-313/1 од 02.02.2024 година го стави на гласање.

По гласањето констатира дека со 1 гласа „За“ и 6 гласа „Против“ предлогот не е усвоен.

Следно, заменик претседателот на Советот Ханиф Зендели предлогот да се препрати известувањето од членот на Советот Лорета Горгиева бр.02-312/2 од 08.02.2024 година до Врховен суд на РСМ го стави на гласање.

По гласањето констатира дека со 6 гласа „За“ и 1 глас „Против“ предлогот е усвоен.

Откако повеќе никој од членовите на Советот не се јави за збор заменик претседателот на Советот Ханиф Зендели констатираше дека е исцрпен дневниот ред за 477-та седница на Советот и дека истата е завршена во 14:40 часот.

**Напомена:** Тонскиот запис и Листингот со резултатите од гласањето се составен дел на овој записник.

**СУДСКИ СОВЕТ НА**
**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
Претседател,
Весна Дамева

**Изработил:** Ален Раденковиќ
**Одобрил**: Весна Толева